# Свесност на граѓаните на РС Македонија за климатските промени

## Квантитативно истражување на 984 испитаници во 2024 година

- 84% од испитаниците го разбираат терминот „климатски промени“. Најмногу споменати причини за глобалното затоплување се: сечењето шуми и интензивното согорување на фосилни горива.

- Граѓаните покажуваат зголемена свесност за погоденоста и ранливоста на нашата држава од климатските промени. 67% од испитаниците во 2024 година сметаат дека државата е многу погодена од климатските промени, со многу забележливи промени, наспроти 58% во 2023 година. Ова во повисок процент го изјавуваат повозрасните испитаници од Југоисточен и Пелагониски регион. Само 3% сметаат дека РСМ не е погодена од климатските промени.

## Познавање на климатските промени

А4. Во која мера сметате дека РСМ е погодена или не е погодена од климатски промени?

### Дали РСМ е погодена со „климатски промени“?




Граѓаните точно ја препознаваат одговорноста на институциите и први на листата за **надлежност за справување со прашањето за климатски промени во државата** ги набројуваат: Министерството за животна средина и просторно планирање и Владата. Сепак, повеќе од половина (54%), оценуваат дека владините институции воопшто не се ангажираат да преземат конкретни мерки за ублажување и прилагодување на климатските промени.

Оваа анализа е подготвена во рамките на проектот „Граѓанските организации во акција за климатските промени“, поддржан од Шведската меѓународна агенција за развојна соработка – СИДА. Изразените ставови и мислења се на авторите на оваа анализа и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на донаторот и на владата на Шведска.

# Доверба во Владини Институции

А5. На скала од 1 до 5, ве молам оценете дали властите доволно или недоволно се ангажираат да превземат конкретни мерки и активности за ублажување и прилагодување на климатските промени?

## Ангажман на властите за ублажување и прилагодување на климатските промени




## Приоритети за подобрување / ублажување на последиците од климатските промени




Оваа анализа е подготвена во рамките на проектот „Граѓанските организации во акција за климатските промени“, поддржан од Шведската меѓународна агенција за развојна соработка – СИДА. Изразените ставови и мислења се на авторите на оваа анализа и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на донаторот и на владата на Шведска.

- Граѓаните ја согледуваат поврзаноста на екстремните временски услови со климатските промени во последните 50 години. Во 2024 година најголема свесност по ова прашање покажале испитаниците од Југоисточниот и Пелагонискиот регион.
- Граѓаните истакнале поголема загриженост (65% во 2024, наспроти 54% во 2023) за последиците од климатските **промени**.

## Последици во иднина на територијата на РСМ од глобалните климатски промени




- Како најранливи категории луѓе на последиците од климатските промени се споменуваат хронично болните (34%). Граѓаните во зголемен процент во 2024 година (32%) истакнуваат дека „сите луѓе“ се ранливи на климатските промени.

## Свесност за здравствените ризици од климатските промени




Оваа анализа е подготвена во рамките на проектот „Граѓанските организации во акција за климатските промени“, поддржан од Шведската меѓународна агенција за развојна соработка – СИДА. Изразените ставови и мислења се на авторите на оваа анализа и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на донаторот и на владата на Шведска.

## Сектор кој треба да е во фокус на надлежните за ублажување на климатските промени

| Сектор | 2023 | 2024 |
|---|---|---|
| Земјоделие | 19 | 27 |
| Енергетика и енергетска ефикасност | 31 | 20 |
| Шумарство | 15 | 18 |
| Водостопанство | 7 | 8 |
| Здравство | 10 | 8 |
| Образование | 5 | 6 |
| Сите сектори | 4 | 3 |
| Екологија | 0 | 2 |
| Граѓаните | 2 | 0 |
| Индустријата | 6 | 0 |
| Не знае/ без одговор | 0 | 7 |

2023 2024

- И во 2024, како и во 2023, како најзагрозени сектори од последиците на климатските промени се наведуваат: земјоделието (74%), шумарството (над 50%), водостопанството, економија итн.
- Над 80% од испитаниците одговориле дека не се запознаени со изготвените документи од страна на институциите за справување со климатските промени.
- Како приоритетни активности кои треба да се преземат за прилагодување кон климатските промени во најголем процент се посочени:

| Активност | Процент |
|---|---|
| „Заштита на урбаното зеленило“ | 60% |
| „Подобрување на квалитетот на воздухот“ | 52% |
| „Органско производство на храна“ | 26% |
| „Намалување на емисии на стакленички гасови“ | 23% |

Заедно за климатска акција · Еко свест · МЗМП · CNVP Building a Greener Economic Environment · Sweden Sverige

Оваа анализа е подготвена во рамките на проектот „Граѓанските организации во акција за климатските промени“, поддржан од Шведската меѓународна агенција за развојна соработка – СИДА. Изразените ставови и мислења се на авторите на оваа анализа и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на донаторот и на владата на Шведска.

↘ Граѓаните истакнуваат спремност да придонесат за намалување на климатските промени со промена на своите навики.

## Промена на навиките за намалување на климатските промени

| | 2023 | 2024 |
|---|---|---|
| Селектирање и рециклирање на отпад | 55 | 57 |
| Да засадат дрво или друго зеленило | 41 | 52 |
| Намалена употреба на пластика за една употреба | 57 | 42 |
| Соодветно греење | 35 | 33 |
| Употреба на јавен превоз и велосипеди како превозно средство | 37 | 33 |
| Употреба на вода од бунари за наводнување, а не питка вода | 16 | 21 |
| Употреба на апарати за домаќинство со ниска енергетска потрошувачка | 22 | 14 |
| Плаќање повисоки еколошки такси | 6 | 6 |
| Намалена употреба на дезодоранси | 14 | 4 |
| Ништо, граѓаните немаат моќ врз климатските промени | 4 | 3 |
| Промена во сите навики со цел намалување на климатските промени | 0 | 1 |
| Почести контроли и казни | 0 | 0 |
| Да ги едуцира граѓаните, да ја подигне свеста | 0 | 0 |
| Друго | 1 | 0 |
| Не знае/ без одговор | 0 | 7 |

↘ 15% повеќе од испитаниците покажале поголема загриженост за цената на електричната енергија во 2024 година (67%), наспроти 2023 година (52%).

## Зелена инфраструктура во местото каде живеете




Оваа анализа е подготвена во рамките на проектот „Граѓанските организации во акција за климатските промени", поддржан од Шведската меѓународна агенција за развојна соработка – СИДА. Изразените ставови и мислења се на авторите на оваа анализа и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на донаторот и на владата на Шведска.

- Поголем број на испитаници во 2024 година (33%), наспроти 2023 година (21%), кажале дека „Поедноставувањето или олеснувањето на административните процедури за инсталирање на фотоволтаични системи за домаќинствата **целосно би помогнало** во намалувањето на енергетската сиромаштија“.
- Во 2024 година само 8% од испитаниците одговориле дека имаат „високо развиена“ инфраструктура за транспортна инфраструктура во местото каде живеат.
- Вкупно 87% од испитаниците, сметале дека климатските промени многу или донекаде негативно влијаат на економијата во руралните области. Во 2024 година перцепцијата на испитаниците дека климатските промени „многу негативно влијаат“ на економијата во руралните области драсточно е зголема (од 33% во 2023 на 63% во 2024).
- 86% од граѓаните сметаат дека ***работата на невладините организации придонесува на некаков начин кон подигнување на еколошката свест кај граѓаните и кон важни промени поврзани со здрава животна средина.***
- Две третини (68%) сметаат дека „Е НЕОПХОДНО“ да има повеќе активности и кампањи поврзани со еколошката свест, менување навики и работа за подобрување на животната средина и климатските промени.  Овој став во повисок процент го делат испитаниците со повисоко образование, испитаниците од Југоисточниот и Пелагонискиот регион како и испитаниците од руралните средини.

## Потреба од повеќе активности и кампањи поврзани со еколошката свест






Оваа анализа е подготвена во рамките на проектот „Граѓанските организации во акција за климатските промени“, поддржан од Шведската меѓународна агенција за развојна соработка – СИДА.  Изразените ставови и мислења се на авторите на оваа анализа и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на донаторот и на владата на Шведска.